# ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОСНОВАЊЕ МАКЕДОНИСТИЧКА МРЕЖА НА *ЦЕНТРАЛНОЕВРОПСКАТА ПРОГРАМА ЗА РАЗМЕНА ЗА УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТУДИИ* (CEEPUS)

*Македонистичките студии во централноевропски, словенски и балкански контекст / Macedonian Studies in Central European, Slavic and Balkan context*

На иницијатива на деканот и на продеканката за наука и меѓународна соработка на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје, Катедрата за македонски јазик и Катедрата за македонска книжевност и култура покренуваат постапка за основање македонистичка мрежа на Централноевропската програма за размена за универзитетски студии / Central European Exchange Program for University Studies (CEEPUS), со назив *Македонистичките студии во централноевропски, словенски и балкански контекст / Macedonian Studies in Central European, Slavic and Balkan context* и за пријавување на годишниот повик за мрежни апликации при CEEPUS. Мрежата се планира да ја сочинуваат факултети, институти и други академски институции што ќе ја прифатат поканата на иницијаторот да бидат негови партнери и да го поддржат при аплицирањето. Според правилата на Програмата, една институција на мрежата е координатор на активностите и одговорна за целокупната постапка за пријавување. Во случајов, тоа ќе биде Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје.

Целта на мрежата е да ја поттикне соработката меѓу академските институции од земјите каде што македонистиката се изучува како студиска програма или како студиски предмет во рамките на постојните лекторати по македонски јазик, литература и култура, или преку задолжителни и изборни предмети во состав на универзитетски студиски програми. И во едниот и во другиот случај акцентот ќе биде ставен на разни форми на мобилност на студентите и на академскиот кадар што ќе придонесуваат за теоретска и практична размена и примена на искуства, како и на проширување и надградување знаења и способности од областа на: македонскиот

јазик, македонската литература и култура, дидактиката во овие области, усвојувањето на македонскиот јазик као странски, преведувањето и сл.

Некои од предвидените активности се следните: курсеви по македонски јазик како странски на сите рамништа на изучување во факултетски услови и во рамки на летни и зимски студентски школи; студентски конференции – самостојни и во рамки на постојните, *Млади македонисти* и *Како си ми*; македонистички студентски средби – литературни, театарски, музички, медиумски; студентски натпревари од обласста на македонистиката; преведувачки работилници; студентско меѓусебно менторирање – како можност за интерактивност на студенти од различни студиски степени или студиски години; заедничко менторирање дипломски, магистерски и докторски трудови со двајца или повеќе професори од различни партнерски универзитети; изработка на двојазични или повеќејазични разговорници, терминолошки и други видови речници, збирки поезија, збирки раскази; изработка на тематски и авторски каталози и библиографии од разни области на македонистиката и на споредбената филологија; изработка на инклузивни наставни материјали, аудиоснимки и видеоснимки, за студенти со оштетен вид или слух итн.

Долгорочната цел на македонистичката мрежа се гледа во осмислување студиски програми по македонски јазик и по македонска литература и култура што би воделе до двојна диплома, како еден од приоритетите нагласени во договорот CEEPUS III.

И покрај тоа што Централноевропската програма за размена за универзитетски студии се заснова на физичка мобилност, ќе бидат разгледувани и разни можности за интерактивност на далечина, т.е. за онлајн мобилност.

Имајќи ја предвид долгогодишната меѓународна соработка на полето на македонистиката, како и интересот за изучување на македонскиот јазик, литература и култура на бројни универзитети во странство, во подготвителната фаза за пријавување за македонистичка мрежа на годишниот повик за мрежни апликации при Централноевропската програма за размена за универзитетски студии (CEEPUS), беа испратени покани за партнерство до повеќе универзитети. Притоа, се водеше сметка тие да бидат активни и континуирани соработници, т.е. домаќини на лекторатите по македонски јазик, или во своите студиски програми да имаат внесено и заживеано задолжителни или изборни македонистички предмети на повеќе степени (на пр.: Македонски јазик 1, МЈ2, МЈ3, МЈ4; Македонска литература 1, МЛ2, МЛ3, МЛ4). Покани беа испратени до универзитетите во: Брно и Храдец Кралове (Чешка); Загреб и Риека (Хрватска); Ниш и Белград (Србија); Љубљана и Марибор (Словенија); Братислава и Нитра

(Словачка); Катовице, Вроцлав и Познањ (Полска); Букурешт (Романија) и Будимпешта (Унгарија). До моментот на поднесувањето на овој материјал за печатење беа пристигнати неколку позитивни одговори од поканетите универзитети, со поздрави за идејата и со најсрдечни желби за соработка во македонистичката мрежа на CEEPUS и за успех при аплицирањето.

За координатори на македонистичката мрежа на CEEPUS се планираат проф. д-р Гордана Алексова и проф. д-р Јасна Котеска, со ротирачки мандатни периоди од две години.

Од работната група на иницијативата за основање македонистичка мрежа на Централноевропската програма за размена за универзитетски студии (CEEPUS):

проф. д-р Владимир Мартиновски, декан на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“

проф. д-р Руска Ивановска-Наскова, продекан за наука и меѓународна соработка на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“

проф. д-р Искра Пановска-Димкова, раководител на Катедрата за македонски јазик

проф. д-р Трајче Стамески, раководител на Катедрата за македонска книжевност и култура

проф. д-р Јасна Котеска, претставник од Катедрата за македонска книжевност и култура

проф. д-р Гордана Алексова, претставник од Катедрата за македонски јазик